# Службен гласник
## на општина Валандово

Број 11 | 06 Ноември 2017 година, Понеделник

www.valandovo.gov.mk

**Совет на општина Валандово:**

1. **Решение** за објавување на Решението за верифицирање на мандат на член на Советот на Општината Валандово .............1
2. **Решение** за верифицирање на мандат на член на Советот на Општината Валандово 1
3. **Решение** за објавување на Одлуката за доделување на награда и признанија по повод празникот на општината „6-ти Ноември“ ............................................1
4. **Одлука** за доделување на награда и признанија по повод празникот на општината „6-ти Ноември“ .........................1

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 37 став 1 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за верифицирање на мандатот на член на Советот на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решението за верификација на мандатот на член на Советот на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на вонредната седница, одржана на ден 03.11.2017 година.

Бр.09-957/2 Градоначалник
06.11.2017 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 8 од Деловникот за работа на Советот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на вонредната седница одржана на ден 03.11.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за верифицирање на мандат на член на Советот на Општина Валандово**

1. **СЕ ВЕРИФИЦИРА** мандатот на член на Советот на Општина Валандово на Тони Пандев.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Валандово".

Бр.08-94/2 Совет на Општина Валандово
03.11.2017 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 37 став 1 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за доделување на награда и признанија по повод празникот на општината „6-ти Ноември“**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за доделување на награда и признанија по повод празникот на општината „6-ти Ноември“, што Советот на Општина Валандово ја донесе на вонредната седница, одржана на ден 03.11.2017 година.

Бр.09-957/3 Градоначалник
06.11.2017 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа “Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на вонредната седница одржана на ден 03.11.2017 година, донесе

## О Д Л У К А
**за доделување награда и признанија по повод празникот на општината "6-ти Ноември"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува награда и признанија по повод празникот на општината "6-ти Ноември", за 2017 година и тоа,

<u>**Награда во форма на плакета на:**</u>

- Вокална група
  РАСПЕАНИ ВАЛАНДОВЧАНИ -
  за негување на фолклорните традиции и афирмирање на општината преку бројни настапи и учества на домашни и меѓународни натпревари

<u>**Признание во форма на диплома на:**</u>

- Граѓанска иницијатива
  "СПАС ЗА ВАЛАНДОВО" -
  за огромните заложби и активности на планот на заштитата на здравјето на луѓето и животната средина и на подигањето на свеста за штетноста од работата на рудници со отворен коп

- ГРОЗДЕНА И СИМЕОН ЃОРЃИЕВИ -
  за долгогодишното несебично залагање и придонес во одржувањето на Манастирскиот комплекс "св.Ѓорѓи" Валандово и зачувувањето на духовните богатства на општината

- РОБЕРТ ТОМ ИСИРОВ -
  за несебична помош на граѓаните од Општина Валандово во борбата за работа и егзистенција и разни материјални поддршки од хуманитарен карактер

- Ловечкоп друштво
  "ОРЕЛ" Валандово -
  за 70 годишно постоење и негување на ловните традиции и афирмирање на општината преку учества на регионални,државни и меѓународни натпревари

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Валандово".

Бр.08-94/3 Совет на Општина Валандово
03.11.2017 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---